ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Друштво за приредување игри на среќа
Касинос Аустриа ДОО
Бр. 05 - 2520/2
18-09 2016 год.
СКОПЈЕ 1

ДРЖАВНА ВИДЕО ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, врз основ на Одлуката за потреба од распишување на јавен повик за закуп (изнајмување) на деловен простор за потребите на Друштвото заведена со број 05-2520/1 од 19.09.2016 година, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК број 01/2016

### за прибирање на понуди за закуп (изнајмување) на деловен простор

Комисијата за спроведување постапка за доделување на договор за закуп (изнајмување) на деловен простор за потребите на Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, формирана со Одлука 05-2520/1 од 19.09.2016 година, ги повикува сите заинтересирани домашни правни/физички лица кои имаат во сопственост недвижен имот - деловен простор, да се пријават на јавниот повик за прибирање на понуди за закуп (изнајмување) на деловен простор.

1. **Општи услови кои треба да ги исполнува сопственикот на деловниот простор:**
   - Да има платени даноци придонеси и други јавни давачки;
   - Да не е отворена постапка за стечај и за ликвидација од надлежен орган;
   - Да не му е со правосилна пресуда изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

2. **Посебни услови кои треба да ги исполнува деловниот простор:**
   - Да се наоѓа во град Скопје (општини Центар, Карпош Кисела вода) на оддалеченост помала од 3 километри од Центарот на градот;
   - Да е со површина од 300 до 400 м2 деловен простор, 50 до 100 м2 магацински простор и паркинг простор за најмалку 5 возила;
   - Да има директен и непречен пристап со возила за утовар и истовар;
   - Да ги задоволува основните барања дадени во технички опис/скици.
   - Да е вселив не подолго од 1 месец од денот на известување за избор на понудувач.

3. **Можност за доставување на понуди имаат** сите регистрирани домашни правни/физички лица на територија на Република Македонија кои имаат во сопственост деловен простор кој ги исполнува погоре наведените посебни услови.

4. **Критериум за избор е економски најповолна понуда:**
   - Критериум за избор на најприфатлива понуда е – понуден најнизок износ по м2 за месечна закупнина по исполнување на посебните услови.

5. **Начин на плаќање:**
   - Плаќањето е вирмански 15 дена по доставување на фактура за претходниот месец.

6. **Потребна документација која Понудувачите треба да доставаат:**

- Понуда;
- Доказ за сопственост на недвижниот имот (деловниот) простор;
- Скици/проект/слики на понудениот деловен простор;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран, односно доказ за одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и доказ дека истите редовно ги плаќа;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Понудите со потребните документи треба да се доставaт **вo рок од 15 (петнаесет) дена** од објавување на повикот, **Лично** во писарницата на Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр.8, во Скопје (зграда на МРТВ – 2 кат низок дел).

Понудите треба да се во затворени коверти кои не се означени со ознака од која може да се идентификува испраќачот – понудувачот, со назнака „За јавен повик број 01/2016 за потреба од закуп (изнајмување) на деловен простор“.

Комисијата задолжително ќе изврши увид во понудениот деловен простор кој ги исполнува условите од овој повик по претходна најава.
По завршувањето на постапката за избор, со најповолниот понудувач ќе биде склучен Договор за закуп (изнајмување) согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

7. **Технички опис на основните барања**

a) Деловниот простор да има одвоени простории за:
   - Кабинет за генерален директор со површина од најмалку 40 м2 во кој се влегува преку канцеларија за личен секретар со површина од најмалку 20 м2.
   - Канцеларии за директори на Сектори со површина од најмалку 15 м 2 броја 3.
   - Канцеларии за службеници со површина од најмалку 25 м2 броја 6.
   - Писарница со површина од околу 25 м2.
   - Сала за состаноци со површина од најмалку 25 м2.
   - Чајна кујна од најмалку 20 м 2.
   - Мокар чвор со по две кабини во машки/женски дел.

   Сите деловни простории да се на едно висинско ниво.
   Сите канцеларии, кабинетот и писарницата да имаат дневна светлина и природна вентилација.
   Деловниот Просторот да е опремен со греење и ладење.
   Деловниот простор да е опремен со опрема за видео надзор.
   Деловниот простор да има систем за заштита од пожар.

b) Магацински простор да е во состав на објектот со површина од 100 м2, во кој нема влага, да има вентилација и до кој може да се стигне со лифт.

c) Паркинг простор за најмалку 5 патнички возила.

Комисијата за спроведување на постапката за закуп на деловен простор